Не им верувајте на следбениците на Книгата и не ги негирајте. Наместо тоа, кажете: „Ние веруваме во Аллах, и во тоа што ни се објавува.“

Од Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека рекол: „Следбениците на Книгата го читаа Тевратот на еврејски, а потоа го толкуваа на арапски за муслиманите да разберат. Па Божјиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рече: Не им верувајте на следбениците на Книгата и не ги негирајте. Наместо тоа, кажете: „Ние веруваме во Аллах, и во тоа што ни се објавува.“ (Ел-Бекаре, 135) - до крајот на ајетот.

[رواه البخاري] [صحيح]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, го предупреди својот умет да не се залажува со она што го проповедаат следбениците на Книгата од нивните книги. Бидејќи евреите во времето на Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, го читале Тевратот на еврејски, на нивниот јазик, а потоа го толкувале на арапски. Тогаш Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Не им верувајте на следбениците на Книгата и не ги негирајте." Ова важи кога не се знае дали нивното кажување е точно или лажно, бидејќи Аллах ни нареди да веруваме во она што ни е објавено во Куранот и во она што им е објавено на нив во нивната книга, но ние не можеме да знаеме со сигурност дали нивните раскажувања од тие книги се точни или не, освен ако нашите шеријатски текстови не ја потврдат нивната автентичност или лага. Во спротивно, треба да бидеме внимателни и да не избрзуваме да им веруваме во тоа што го проповедаат за да не станеме соучесници во нивното искривување на тие книги, ниту да ги негираме за да не се случи да негираме нешто што е точно и во што треба да веруваме. Наместо тоа, Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ни наредил да кажеме: „Ние веруваме во Аллах, и во тоа што ни се објавува, и во тоа што му беше објавено на Ибрахим, и на Исмаил, и на Исхак, и на Јакуб, и на внуците; и во тоа што му е дадено на Муса, и на Иса, и во тоа што им е дадено на веровесниците од Господарот нивен; ние не правиме никаква разлика меѓу нив и ние само Нему Му се покоруваме.“ (Ел Бекаре, 136)

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65046